*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*УП1Бр. 18/26-41*
*20.08.2026*
*Ш т и п*

Врз основа на член 29, член 38 и член 50 од Закон за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 32/20, 111/23, 171/24 и 224/24, 40/25, 101/25 и 127/25), градоначалникот на Општина Штип донесе:

ОДЛУКА
ЗА ОРГАНИЗИРАЊЕ НА ЈАВНА ПРЕЗЕНТАЦИЈА И ЈАВНА АНКЕТА
ПО ИЗГОТВЕН
ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од четврт СЕ 02.02 од ГУП на град Штип (плански опфат: ул. „Брегалничка“ и новопланирани улици од ДУП за нас. Балканска)

Член 1

Со оваа одлука се организира јавна анкета и јавна презентација на изготвен ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од четврт СЕ 02.02 од ГУП на град Штип (плански опфат: ул. „Брегалничка“ и новопланирани улици од ДУП за нас. Балканска)

Описно границата на предметниот плански опфат е следна:
- од север опфатот е дефиниран по осовина на планирана улица по ДУП
- од исток опфатот е дефиниран по осовина на планирана улица по ДУП
- од југ опфатот е дефиниран по осовина на планирана улица по ДУП
- од запад опфатот е дефиниран по осовина на планирана магистрала М-5 Штип-Кочани согласно ГУП на град Штип

Планот се изработува врз основа на извод од ГУП на град Штип и изводи на постојни плански документации.

Според опишаните граници за ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од четврт СЕ 02.02 од ГУП на град Штип (плански опфат: ул. „Брегалничка“ и новопланирани улици од ДУП за нас. Балканска) вкупната површина на планскиот опфат изнесува вкупно 3,7ха.

Член 2

Соопштението за организирање на јавна анкета и јавна презентација ќе биде објавено на веб страната на Општина Штип и во информацискиот систем на е урбанизам,

печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информацискатa табла на Општина Штип

Член 3

Согласно законската регулатива од областа на урбанистичко планирање, јавниот повик за одржување на јавната анкета и јавната презентација по ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН за дел од четврт СЕ 02.02 од ГУП на град Штип (плански опфат: ул. „Брегалничка" и новопланирани улици од ДУП за нас. Балканска) ќе се спроведува преку информацискиот систем на е урбанизам (https://www.e-urbanizam.mk/), се објавува на официјалната страна на Општина Штип (https://stip.gov.mk/), огласна табла на Општина Штип и преку Соопштенија во подрачјето на планскиот опфат.

Јавната анкета ќе трае 30 ден од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 10 септември 2026 (четврток) до 9 октомври 2026 год (петок), а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 24 септември (четврток) 2026 година во 12:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип. Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.

Член 4

Целокупната документацијата на горенаведениот план ќе биде изложена на јавно место, во информацискиот систем на е урбанизам и во просториите на Одделение за урбанизам, градежништво, станбени работи и заштита на животната средина на Општина Штип

Член 5

Заинтерисаните граѓани и правни лица можат да да ги достават своите забелешки по однос на горенаведената планска документација во електронска форма преку информацискиот систем на е урбанизам или во писмена форма преку архива во времетраењето на јавната анкета.

Член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување.

**ОПШТИНА ШТИП**
**Градоначалник**
**Иван Јорданов**